СТОПАНСКА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА

ECONOMIC CHAMBER
OF MACEDONIA

# ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ЗА 2008 ГОДИНА

*Ноември 2007 година*
*Скопје*

# ВОВЕД

Програмските насоки на Стопанската комора на Македонија во 2008 година се насочени во оние приоритетни правци дефинирани со Законот и со Статутот на Стопанската комора на Македонија. Тоа се однесува, во прв ред, на зголемувањето на членството во Комората и зајакнато и успешно претставување на интересите на членките, нивно промовирање и информирање, успешно извршување на постојните услуги, како и развивање асортиман на нови услуги заради финансиска стабилност на Комората. Набележаните програмски насоки во материјалот се во правец на натамошно зајакнување на имиџот на Комората во земјата и во странство, претознатлив и сигурен партнер на голем број домашни и странски организации, институции и компании во заедничко водење проекти, социјален партнер во јавно-приватното партнерство по разни прашања од интерес за нашите членки и за унапредување на вкупната економска соработка.

## ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ЗАСТАПУВАЊЕ НА ИНТЕРЕСИТЕ НА ЧЛЕНКИТЕ

1. **Застапувањето и претставувањето на интересите на стопанството** во целина, и по поодделни гранки или членки на Комората, ќе се врши низ постојано актуелизирање и покренување иницијативи и предлагање мерки и решенија од интерес на стопанството во рамките на коморската организација кон институциите на системот.
   - Континуирано следење на тековните движења во производството, извозот, инвестициите на стопанството, со посебен акцент на заложбите за зголемување на производството и извозот, на ниво на стопанството и одделно по здруженија и гранки.
   - Преку настапи со аргументирани анализи, органите на Комората ќе го следат и притоа ќе утврдуваат ставови за тековното остварување на Програмата на Владата на РМ и ќе предлагаат мерки за нејзина соодветна реализација.

Во тој дел, покрај тековните иницирани тематски расправи од одделни организациони форми на членството во Комората, согласно тековно произлезени спорни прашања, во рамките на Дирекцијата за претставување и застапување на интересите на членките ќе се одржат тематски расправи на одделни форуми за:

- подобрување на бизнис-климата, со системски мерки и инструменти, согласно правата и праксата во СТО и ЕУ за интензивирање на производството во реалниот сектор со цел реализација на зацртаниот пораст на БДП од 6%;
- зголемување на конкурентноста на македонската економија, а посебно конкурентноста на производите кои се позиционирале, или имаат предуслови да се позиционираат на пазарите на земјите-членки на ЦЕФТА 2006. Лојалната конкуренција на заеднички пазар налага и рамноправна системска поддршка преку државната помош, која е на различно ниво, и која ќе услови нелојална конкуренција на стопанските субјекти на истиот;
- обезбедувањето енергија како клучен фактор за реализација на планираното производство и интензивирање на истото, со предлог-мерки за намалување на трошоците на енергијата во процесот на производството;

- состојбите во текстилната и во кожарско-преработувачката индустрија со предлог-мерки за обезбедување повисока форма на "ЛОН"-работа и унапредување на класичното производство;
- основните предуслови за развој на сите видови туризам (езерски, бањски, планински, ловен, манастирски и селски), посебно преку соработка и заеднички настап и со другите комплементарни стопански дејности и гранки (производителите на храна, сообраќајот, трговијата, занаетчиството, културата и сл.). Во овој дел ќе се предложат активности и мерки за поголема партиципација во понудата на македонскиот во вкупниот балкански туристички производ;
- во делот на земјоделско-прехранбениот сектор посебно ќе се третираат условите, односно системската поддршка на земјите-членки на ЦЕФТА 2006, со оглед на различното ниво на истата и нелојалната конкуренција по тој основ при настапт на заедничкиот пазар;
- запознавање со европската регулатива одделно по категории на државната поддршка, како појдовна точка за предлози согласно Законот за државна помош на Република Македонија и барање за донесување на подзаконските акти на истиот;
- финансиското оптоварување на одделни дејности по основ на ДДВ (комуналните дејности, издавачката дејност и др.);
- различните модели за плаќање на придонесите во ЕУ (на основа на добивка, придонеси од плати).

2. Во делот на **законската регулатива**, ќе се настојува, во рамките на соодветните здруженија, да се забрза постапката за донесување на законските прописи (соглално агендата на Владата на РМ), како основна правна рамка за реализација на соодветни реформи во одредена дејност (Закон за комунални дејности, Закон за рибарство, Закон за моторни возила, итн.).

Имајќи предвид дека во текот на 2007 година се донесоа повеќето од бараните закони од страна на Стопанската комора на Македонија (Закон за банкарство; Закон за земјоделство; Закон за минерални суровини, Закон за превоз во патниот сообраќај; Закон за безбедност на производите; Закон за безбедност на козметички производи; Закон за ветерина), Стопанската комора на Македонија ќе настојува и ќе учествува во заокружувањето на законската регулатива, кај донесените закони чија имплементација е условена од донесувањето на подзаконските акти (Закон за управување со отпадот, Законот за безбедност на производите, Законот за управување со животната средина, Законот за хемикалии и законот за козметички производи, Законот за техничка инспекција итн.).

- Посебно внимание ќе се посвети на поттикнувањето за донесување Правилник за квалитет кај прехранбените производи (одделно по производ согласно регулативата на ЕУ), каде што се´ уште Република Македонија работи по ЈУ-стандардите, а другите земји од регионот донесоа свои стандарди, преку чија перманентна измена постепено ги изострувaa условите за квалитет, како прва бариера во либерализираната трговија.
- Тргнувајќи од несоодветните законски решенија во одредени актуелни закони со потребите што ги налага праксата или потребата од целосно усогласување со легислативата на ЕУ, *ќе се иницираат измени и дополнувања на следните закони:* Закон за управување со отпадот; Закон за градење; Закон за просторно и урбанистичко планирање; Законот за животна средина; Законот за водите; Законот за работни односи; Закон за

данок на додадена вредност, Законот за капитално финансирано пензиско осигурување и др.

- Со цел олеснување во стопанисувањето посебно од аспект на обезбедување повисок степен на конкурентност и соодветна заштита преку обезбедување на квалитет, посебни активности ќе се водат во делот на барањата за соодветна имлементација на новите законски решенија, кои што тоа го обезбедуваат правно, но недостасува нивната доследна имплементација, односно зајакнување на инспекциските контроли од една, како и акредитирање на потребни лаборатории од друга страна.

Во тој контекс ќе се покренуваат иницијативи и ќе се даваат предлози за ослободување од увозни давачки при увоз на суровини и репроматеријали согласно Царинскиот закон по основ на:

- Уредбата за поблиските критериуми и начинот на спроведување на ослободувањето од плаќање увозни давачки, како и вредноста, количината и видот или намената на стоката која може да се ослободи од плаќање увозни давачки ("Службен весник на Република Македонија" бр. 117/05 (214 КБ), 04.01.2006;
- Уредбата за поблиските услови кои мора да бидат исполнети за стоката да може да биде предмет на автономни мерки за намалување или укинување на увозните давачки , постапката за воведување на автономни мерки, како и начинот на нивно распределување или користење ("Службен весник на Република Македонија" бр. 119/05 (0 КБ), 04.01.200);
- согласно Законот за трговија ќе се покренуваат иницијативи за заштита од субвенциониран увоз по дампинг-цени.

3. **Унапредување на регионалната соработка во реалниот сектор -** активностите ќе се насочат кон поттикнување на соработката преку организирање бизнис-средби на соодветни коморски здруженија:

- автомобилската индустрија, во кој дел е формиран регионалниот кластер за производно поврзување (производители на делови и опрема за возила, текстилна индустрија, пластика итн.);
- одржување регионална средба на производителите на градежна столарија и мебел со фирми од областа на угостителството и хотелиерството од Албанија, Хрватска, Србија и Црна Гора;
- одржување промотивно-продажни манифестации наречени "Храна, вино и туризам" во Охрид, Струга, Дојран, Струмица и во Скопје;
- организирање годишна манифестација "Меѓународен фестивал на продукцијата, маркетингот и медиумите - ПроМаркМедиа", со натпреварувачки карактер.

Со цел соодветно промовирање и презентирање на нашите членки, поединечно и на ниво на организациони форми (здруженија, групации), Стопанската комора на Македонија во 2007 година своите активности ќе ги насочи кон:

- активно учество на промотивни, пропагандни и бизнис-средби, како и заеднички настап во странство на специјализирани изложби и саеми, бизнис-форуми согласно иницираниот, пројавениот интерес на стопанските субјекти за одредени пазари;
- афимирање - промовирање на производниот потенцијал на македонското стопанство преку печатени материјали на ниво на производни сектори. Во

2008 година се планира да се отпечатат информативни брошури со основните податоци за одредена дејност, потенцијалите за развој, како и список на членките на соодветното здружение;
- промовирање на Прирачникот за изградба на мали хидроцентрали.

**4.Реализација на настани кои ќе добијат карактер на традиционални годишни настани, меѓу кои:**
- Манифестација "Награда за квалитет и дизајн на Стопанската комора на Македонија";
- Манифестација "Вкусете ја македонската кујна", што би се организирала во странски земји.

**5. Во делот на едукацијата,** преку добиените проекти за тесктилна и кожарско-преработувачка индустрија ќе се изврши едукација на вработени за модернизација на процесот на производството, како и поголема интернационализација на овие две дејности**.**

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА, ПРОМОВИРАЊЕ И ИНФОРМИРАЊЕ

Поддршка на интернационализацијата на деловните активности на членките (промовирање, информирање, едукација, давање директни услуги на консалтинг и друга поддршка од тој вид...) со цел зголемување на нивната конкурентност и успешно вклучување во заедничкиот пазар во регионот, единствениот пазар на ЕУ и пазарите на одделни трети земји, се основа на програмската активност на Дирекцијата за меѓународна соработка, промовирање и информирање на членките во 2008 година.

Меѓународната стопанска соработка на фирмите ќе се движи во рамките на бенефитите коишто се отвораат со измената и дополнувањето на Протоколот за потеклото кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација (САП+кумулација) и имплемнтацијата на ЦЕФТА 2006. Политичката одлука на Министерсткиот совет на ЕуроМед (Лисабон, 21 октомври 2007 год.) за приклучување на земјите од Западен Балкан кон системот на Евромедитеранската кумулација на потеклото, отвора процес на билатерално либерализирање на трговијата со земјите од Евромедитеранското партнерство.

Обновувањето на позициите на македонските фирми на пазарот на Руската Федерација, покрај горенаведените, исто така ќе биде приоритет на активностите.

**Вид програмски активности**

***Промовирањето*** на деловните активности на членките/секторите ќе се остварува со организирање деловни мисии, презентирање на трговските можности и инвестициони потенцијали на нашите членки и земјата во целина, објавување и размена на понуда-побарувачка, спојување на домашни компании со странски врз основа на индивидуални барање, учество и организирање на саеми и други видови промотивни настани, печатење промотивни материјали. Промотивните активности ќе бидаат во функција на поддршка за интегрирање на компаниите во повисоки облици на стопанска соработка со компании од горенаведените региони. Особено внимание ќе се насочи на промоција во функција на регионално секторско поврзување. Логистичката поддршка во дел од овие активности ќе биде обезбедена од страна на Агенцијата за промовирање на

инвестициите, со која Комората има склучено Спогодба за соработка, како и со министерствата релевантни за конкретната активност.

***Информирањето*** на членството ќе биде во функција на зајакнување на конкурентноста како на домашниот, така и на странските пазари и тоа преку давање компетентни информации за: можностите за настап на странските пазари; регулативата (како националната, така и меѓународната); имплементацијата на договорите за слободна трговија; информации за можностите за користење на финансиските и други поддршки како од ЕУ, така и меѓународни; политиките на ЕУ во одделни стопански сектори како и во други земји, а се´ со ефект, директен или индеректен врз домашното стопанство.

Освен давањето директна информација, информирањето ќе се реализира и преку тренинзи, а особено за теми кои треба да ја поддржат интернационализацијата на компаниите, како што се преференцијалното потекло на стоки и пристапните фондови и програми на ЕУ.

***Приватно-јавното партнерство и лобирањето*** се дел од програмските активности, пред се´ во областа на регулаторната сфера - давање иницијативи и мислења по однос на законските проекти и следење на нивната имплементација.

***Давањето директни консалтинг-услуги и друга поддршка од тој вид*** се начин на давање директна експертска поддршка на компаниите во решавањето на проблемите во областа на надворешно-трговското работење, а со цел зајакнување на нивните пазарни позиции, како во земјата, така и во странство.

**Програмски активности на Информациониот систем во 2008 година**

1. Стопанската комора на Македонија за остварување на своите програмски цели и реализацијa на определбите од Статутот, за што неопходно е постоење на современ и моќен Информационен систем, со примена на најсовремените информатичко-комуникациски технологии, обебзедува сервиси за членките на Комората. Во 2004 година се реализира Проектот за Интегриран, интерактивен и web-ориентиран информационен систем, којшто преку интерактивен web-портал поврзан со систем за управување на документи, база на знаење и систем за следење на дневните активности и проекти, овозвожува сервиси коишто се нудат и од страна на коморите во развиените земји, како и од страна на Eurochambres и Меѓународната комора. Со Проектот е изграден интегриран систем во web околина, со визија за постојан развој и надградба, а изграден врз база на прифатени светски стандарди и користејќи ги искуствата од останати коморски инфо-центри од регионот и од меѓународните бизнис организации.

Web-порталот како дел од овој систем во 2006 година за време на Академијата на Асоцијатациајта на европските комори, Eurochambres, во Ел Ескориал во Шпанија, беше избран за најдобра портал во Европа за економска промоција.

Следејќи го развојот на информатичко-комуникациските технологии, потребата на членките на Комората, глобализацијата во економијата, неминовно е системот да се развива, и нашата цел како Комора е да се направи редизај и реструктуирање на Информациониот систем којшто ќе биде најдобар и во светски рамки, за таа цел се

пристапи кон реализација на Проектот за Редизајн и реструктуирање на Информациониот систем на Комората.

Со реализацијата на Проектот се овозможува:

- Зголемената интерактивност на корисникот преку web-порталот;
- Прилагодувањето на web-простор каде корисникот има централно место;
- Комерцијализација на услугите;
- on-line наплата на комерцијалните сервиси преку web со кредитни картички за домашни и странски компнаии и плаќање преку мобилен телефон;
- зголемен квалитет на услугите;
- зголемена дневна ажурност на содржините;
- Користење на сите придобиви коишто ги нуди новата технологија.

2. Проект за Е-учење за подобрување на пристапот до Информатичко општество на мали и средни мретпријатија ( ЕЛИСА). Проектот ЕЛИСА (е-учење за унапредување на пристапот до Информатичкото општество за МСП - Мали и средни претпријатија - во регионот на ЈИЕ) е проект финансиран од INTERREG IIIB CADSES чија цел е да се унапреди пристапот до знаење и до информатичкото општество на МСП во Југоисточна Европа, преку тесна соработка на академските и бизнис заедниците на транснационално ниво. Овој опсег ќе се постигне со трансферирање на знаењето (know-how) на ЕУ за обуката стекнато низ најдобрите практики и преку развој на национални стратегии за обука преку следните активности:

- Создавање на свест за користа што МСП може да ја имаат од користењето на ИКТ,
- Индивидуализирање на повеќејазична, високо-интерактивна и лесна за употреба платформа за учење за потребите на МСП,
- Дифузија на стекнатото знаење (know-how) преку организација на обуки преку регионалните комори, за опфат од 10.000 посетители-претставници од членките на Комората.

## *ЕВРОПСКИ ИНФОРМАТИВЕН И ИНОВАЦИСКИ ЦЕНТАР ВО МАКЕДОНИЈА (ЕИИЦ)*

Стопанската комора на Македонија како дел од Конзорциумот кој го доби проектот за формирање нова мрежа за поддршка на компаниите и иновациите каде што две мрежи на Европската комисија - Евро инфоцентрите и Иновативните релеј-центри се спојуваат и оваа нова мрежа официјално ќе функционира од 1.01.2008 година.

Во рамките на овој проект, Стопанската комора на Македонија официјално од 1.01.2008 година ќе има обврска и буџет да ги реализира следниве програмски активности:

1. ***Европски информативен ден*** - настан кој ќе се организира 3 пати годишно. Овој настан е замислен да биде централен настан за информирање кој ќе го организира Конзорциумот заедно со Министерството за економија, а главен организатор е Стопанската комора на Македонија. Негова цел е експерти од ЕУ-областите да ги презентираат новите програми на ЕУ, совети за аплицирање за ЕУ-проектите, билатерални програми, принципите на јавно-приватно партнерство за заедничко аплицирање, подигање на европската претприемничка култура, имплементирање на стандарди идр.;

2. **Европски претприемач -** воведување награда за избор на менаџер/претприемач со европски квалитети. Ова е дел од Програмата на Европската комисија и Македонија ќе биде обврзана да ја спроведува како рамноправен член на ЦИП-програмата. Носител на оваа активност е Стопанската комора на Македонија.
3. **Корпоративна општествена одговорност -** организирање серија семинари за имплементирање на принципите на КОО. Со оваа тема Комората активно ќе се вклучи во кампањата на сите земји на ЕУ на мрежата за подигање на претприемничкиот дух и свесноста за непосредното опкружување. Реализацијата на оваа активност подразбира учество на група странски и домашни експерти како спикери кои ќе ги запознаат компаниите со барањата на ЕУ и стандардите за исполнување на се´ поважните критериуми на новото претприемништво.
4. **Дијалог меѓу малите и средни претпријатија и финасиските институции** - ЕУ-иницијатива поддржана во рамките на ЦИП-програмата. Организирање на 5 регионални средби и конференција . Покрај поттикнување на меѓусебното разбирање на двата сектора, исто така и запознавање со новите финасиски инструменти за олеснување на инвестиционите можности на МСП.

**Активности во текот на 2008 година**
За 2008 година Европската комисија (ЕК) планира да ги вклучи ЕИИЦ  и во:

- имплементирање на стратегиите и програмите од Лисабонската програма преку организација на кампања за подигање на свеста во бизнис-заедниците преку промотивни кампањи, помош на компаниите за директно учество во програмите и проектите на ЕУ, како и промовирање на алатките за директно учество на компаниите со свои предлози и сугестии во градењето на политиката на ЕУ за претприемништво;
- ЕИИЦ посебно ќе предложи до ЕК да се организира кампања за подигање на свеста и претприемничкиот дух на компаниите во Македонија согласно принципите и бизнис-културата на ЕУ;
- промоција и помош на компаниите во учество на 7-та рамковна програма (ЕУ-програма за развој и иновации) со посебно внимание на кампањата за Одржлива енергија во Европа 2005 - 2008 година, како и подобрување на перформансите на компаниите и заштита на околината;
- модерна политика за МСП согласно Лисабонската програма за комуникации и тоа во делот на проектните  активности.

***ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ***

Стопанската комора на Македонија како партнер и носител активно ќе учествува во реализација на проектите:

- **Партнерс плус** - Eurochambers-проект кој ќе има задача да го подигне капацитетот на вработените во Комората за елементите на интернационализација на компаниите, тренинзи, обуки, студиски посети.
- **Корпоративна општествена одговорност** - проект на Владата на СР Германија за земјите од Југоисточна Европа. Стопанската комора на Македонија очекува успешно да аплицира за добивање на проектите:
- **Интернационални и  конкурентни компании** - проект на Британската влада кој ќе вклучува подигање на капацитетот на вработените во Комората за давање експертски услуги на компаниите за интернационализација и конкурентност,

тренинзи и обуки за компаниите, развивање партнерства, јавно-приватното партнерство и дијалог, како и учество на меѓународни настани, саеми и конференции за вработените и компаниите.

- Вклучување на Комората во реализација на **Програмата за претприемништво и конкурентност 2008** на Министерството за економија.

## УСЛУГИ ЗА НАШИТЕ ЧЛЕНКИ

**Центарот за едукација** ќе продолжи со организирање едукативни семинари, работилници, форуми, конференции и сл.

Центарот за едукација приоритетно ќе се ангажира за интензивирање на соработката со Министерството за образование и наука, посебно со Центарот за стручно образование и обука за профункционирање на Законот за стручно образование и обука и исполнување на обврските и задолженијата кои и´ следат на Комората; спроведувањето на проектот за европската рамка на квалификации; продолжување на активностите за имплементирање на Стратегијата за доживотно учење.

Комората како сервис на бизнис-заедницата, а поттикната од поддршката на своите членки и наредната 2008 година со сигурност ќе се потруди да ги исполни барањата на членките и да обезбеди уште повеќе услуги, да организира семинари и настани, да доставува навремени информации кои ќе бидат изникнати од барањата на домашниот, европскиот и светскиот пазар.

**Најавени активности за 2008 година:**

1. **организирање семинари** од најразлични области кои ќе помогнат за едуцирање на бизнис-заедницата, со цел подобрување на квалитетот на целокупното деловно работење; како и зголемување на продуктивноста на работењето на вработените преку подобрување на нивните вештини, компетенции, знаења, информираност;
   - Семинар за “Правилата и процедурите на Светската банка за јавни набавки“;
   - Семинар за “Правилата и процедурите на Обединетите нации за јавни набавки и тендери“;
   - серија семинари низ повеќе градови за “Можностите за користење на претпристапните фондови, јавно-приватно партнерство“;
   - Семинар за ”Регионалната политика и структурните фондови - искуство од други земји”;
   - Семинар и презентација на ”Водич за работење со Европската унија”;
   - Семинар за ”Деловна бизнис-етика”, поддржан од ТТФСЕ-проектот;
   - Обука за “Развој на руралните средини - извор на екопроизводи”, во соработка со Министерството за земјоделство, водостопанство и шумарство (компаративна предност на нашата земја и можност којашто треба да се анализира посериозно, да се разбере и да се искористи);
   - работилница од областа на продажбата, на која предавач ќе биде угледен професор во европски рамки;
   - од 22-24 јуни 2008 година како ексклузивен гостин на Стопанската комора на Македонија ќе престојува најголемиоти светски признат гуру од областа на маркетингот. Професорот ќе одржи предавање на тема "Денашните трендови во маркетингот" пред голема група стопанственици. Се предвидува проектот да ја одбележи 2008 година како еден од најзначајните во рамките на Комората;

- во текот на првата половина на 2008 година ќе се продолжи соработката со Дирекцијата за храна и Европската агенција за реконструкција. Предвидена е реализација на повеќе семинари на тема "Безбедноста на храната и контрола на квалитетот";
- со оглед на тоа дека се наметнува потребата од едукација и размена на искуства од други земји, неминова е реализација на работилници од областа на туризмот, на барање на членките на АТАМ;
- во координација со високо научните установи во Република Македонија, во текот на 2008 година се планира отпочнување со активности на "Школа за менаџери". Идејата на проектот е континуирано креирање нови кадри кои произлегуваат од членките на Комората.

2. **Организирање презентации** на коишто ќе се добијат нови бизнис-информации за производите или услугите на идни потенцијални домашни или странски партнери; презентации на публикации неопходни за професионално деловно работење; за нови законски правила и процедури на Република Македонија;
   - “Моја недела - Недела на наша членка (Х фирма)“. Секоја недела Стопанската комора на Македонија активно преку организирање презентација за производите и услугите и промовирање на веб-порталот и во медиумите, ќе промовира определена фирма-членка;
   - презентација на производите и услугите на одредена странска компанија пред нашите членки;
   - презентации на публикации за деловно работење;
   - презентации на странски институции за можностите за заедничка соработка.

3. **Организирање состаноци, трибини и јавни расправи** на коишто ќе има можност да се искажат видувања, согласувања или негодувања по одредени прашања, а ќе бидат видливо упатени до соодветните државни органи со поддршка од медиумите.
   - Тркалезна маса со Владата на Република Македонија: месечни презентации на сите министерства во нашата држава за новините и барањата кон бизнис-заедницата.

4. Организирање настани на кои со гордост ќе се претстави **успехот и квалитетот на домашните производи**, преку нивните достигнувања и залагања за создавање здрава бизнис-клима:
   - промоција на 200 најуспешни компании;
   - промоција на компании со успешно корпоративно однесување по региони ("Денови на масло и пастрмајлија во Штип"...);
   - сечена годишна вечера за фирмите-членки на Стопанската комора на Македонија (презентирање на годишниот работен план за наредната година и културно-абавен дел).

5. Продолжување на практиката за поддржување на квалитетот на системот за образование, **преку обезбедување практична работа за студентите во фирмите**, поддршка на настани организирани од нивна страна, со што придонесуваме за врежување на работна навика, свест и чувство за бизнис:
   - овозможување практична работа на студенти во нашите фирми-членки;
   - иституционален партнер во организирањето саеми и денови на кариерата;
   - кнтинуирана соработка со студентските организации БЕСТ и АИЕСЕК;

- ”Голема е честа да Ве запознаеме г-дине ... ” -организирање средби меѓу студенти и врвни менаџери од наши познати успешни компании.

Од овој вид услуги се планира зголемен финансиски ефект за 10 %.

***СИСТЕМИ ЗА МЕНАЏМЕНТ СО КВАЛИТЕТ И БЕЗБЕДНОСТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ, СОГЛАСНО МЕЃУНАРОДНИТЕ СТАНДАРДИ***

Стопанската комора на Македонија, преку Центарот за унапредување на квалитет во производството и услугите продолжува да ги планира и реализира следните активности:

- обезбедување консултантски услуги за имплементација на Систем за менаџмент со квалитетот, согласно ИСО 9001:2000;
- обезбедување консултантски услуги за имплементација на Систем за безбедност на храната познат како Анализа на ризици и критични контролни точки (HACCP), согласно Холандската спецификација;
- обезбедување консултантски услуги за имплементација на Систем за менаџмент со животна средина согласно ИСО 14001:2004;
- сертификации, континуирани проверки и ресертификации на Систем за менаџмент со квалитетот, во име на British Standards Institution, со кого Стопанската комора на Македонија има склучено Договор за соработка;
- реализирање обуки од областа на ИСО 9001:2000, со одредни теми како: Систем за менаџмент со квалитетот и безбедноста, интерни проверки, превентивни мерки, корективни мерки и др. за претставниците на фирмите-учеснички во проектите за имплементација;
- доставување информации на членките на Комората од областа на меѓународните стандарди од аспект на ревизии, нови изданија и др.;
- доставување информации од областа на стандардизацијата и акредитацијата, како резултат на учеството во работата на техничките комитети во институтите за стандардизација и акредитација;
- следење на новите трендови од областа на менаџмент- стандардите и доусовршување на постоечкиот кадар за меѓународните стандарди како ИСО 22000, ОХСАС 18001 и др.
- Од овој вид на услуги се планира зголемен финансиски ефект за 15 %.

***ВАША БИЗНИС-КАНЦЕЛАРИЈА***

Сервисите и услугите, како што се издавањето потврди за ексклузивитет, сертификати (Ориџин и Форм А), АТА-карнети, препораки за добивање визи, потврди за единствен производител, потврди за членство во Комората, како и заверка на фактури, договори и други документи со видено во Комората, Вашата бизнис-канцеларија и понатаму ажурно и благовремено ќе ги издава согласно барањата на стопанските субјекти од Република Македонија.

Ќе се следи и ќе се унапредува издавањето на комерцијалните документи преку регионалните канцеларии во Битола, Прилеп, Охрид, Кичево и во Кочани, а воедно ќе се согледаат и можностите за вклучување и на други регионални канцеларии согласно нивниот капацитет.

Согласно современите тенденции за електронска комерција ќе се отпочнат подготовки за издавање на горенаведените документи по електронски пат.

## *ПОДОБРУВАЊЕ НА СЕГАШНИТЕ И НУДЕЊЕ НОВИ УСЛУГИ*

### Нови членства во Стопанската комора на Македонија

- Стопанската комора на Македонија, преку секторот за маркетинг и логистика, за наредната 2008 година планира зголемување на членството од 20-30 %;
- зголемување на посетите на компании во Скопје и во други градови во Македонија;
- зголемување на активноста на регионалните канцеларии во анимирањето и информирањето на компаниите.

### Брендирање на деловните простории на Комората

- Брендирање на сите сали со кои располага Стопанската комора на Македонија со познати брендови од различни сектори;
- брендирање на фасадата на Стопанската комора на Македонија.

### Креирање нови производи и услуги

- Креирање нови производи и услуги кои произлегуваат од потребите на компаниите.
- На барање на компаниите, преку Комората да се направи напор за имплементација на стандардот Еуро Гап.
- На барање на компаниите, збогатување на коморскиот сајт со информации за сите странски амбасади. Ставање податоци, контакти и документација за вадење визи (можност да ги вадат сите потребни документи од коморскиот сајт).
- Поставување банери (за еден, два или три месеци во зависност од вредноста) на сајтот на компании кои донирале или спонзорирале одреден настан во Комората.
- За компаниите-членки ќе се поедностави постапката за издавање лозинка за користење на услугите од сајтот на Комората.
- Олеснување на начинот на плаќање на услугите на Комората, со воведување систем на плаќање преку мобилен телефон, за услуги со вредност до 500 ден. Партнери во овој проект ќе бидат мобилните оператори Мобимак, Космофон и ВИП.
- Поставување и емитување видео и аудиоклип на веб-страната на Стопанската комора на Македонија. Со ова компаниите ќе имаат можност да емитуваат свои рекламни спотови на еден од најпосетуваните сајтови во Република Македонија.

### Посета на меѓународни саемски манифестации

Според досега искажаниот интерес ќе се организираат заеднички настапи и други саемски настапи за кои членките ќе покажат интерес.

**Унапредување на продажбата на комерцијалните услуги**

- Зголемување на продажбата на услугите за 20-30%.
- Продолжување на проектот ЦД-пребарувач, зголемување на бројот на досега пријавените компании за 100 % за 2008 година.
- Поголема промотивна активност на коморските услуги.
- Воспоставување соработка со книговодствени и консалтинг-бироа заради привлекување нови членки во Комората.

**Покровителство**

- Обновување на договорите со досегашните покровители на Комората и истовремено склучување договори и со нови компании.
- Се планира во 2008 година уште две компании да станат покровители на СКМ.

Од овој вид на услуги се планира зголемен финансиски ефект за 15 %.

## ГС1-МАКЕДОНИЈА

Во 2008 година ќе се интензивира поддршката на компаниите-членки на ГС1 Македонија и членките на Стопанската комора на Македонија во имплементација на ГС1 стандардите коишто го подобруваат деловното работење и на македонската бизнис-заедница и македонските производи им овозможуваат присуство и конкурентност на глобално ниво.

Активностите на ГС1 Македонија во 2008 година ќе бидат насочени кон зголемување на бројот на членството за 20%, со што вкупниот број на компании-корисници на ГС1 системот би достигнал околу 1500 членки на ГС1 Македонија.

Со модернизирањето на веб-страницата на ГС1 Македонија, уште повеќе ќе се зголеми видливоста на ГС1 Македонија и достапноста до потенцијалните членки, што ќе влијае на зголемувањето на бројот на новозачленети фирми, а постојните членки ќе имаат можност за On-line едукација и стручна помош.

Давањето директни консалтинг-услуги и друга поддршка од тој вид ќе продолжи во 2008 година, како помош на компаниите во процесот на имплементација на ГС1 системот и правилното баркодирање на своите производи и услуги, а со цел зајакнување на нивните пазарни позиции како во земјата, така и во странство.

Со цел зголемување на бројот на членките, обезбедување на видливоста и присутноста на ГС1 Македонија во македонската бизнис-заедница, како и зголемувањето на квалитетот на услугите и асистенцијата на постојните членки во нивното прилагодување кон евроинтеграционите процеси, на македонски јазик ќе бидат преведени, публикувани и сместени на веб-страната на ГС1 Македонија, основните упатства за правилната примена на ГС1 стандардите: Општиот ГС1 прирачник (Global GS1 User Manual, Release 8, January 2006); разработка и изработка на материјалите за логистичката етикета која содржи SSCC (Serial Shipping Container Code), неопходна бар код идентификација за олеснување на следењето на движењето на стоките во трговската размена и дистрибуцијата низ синџирот на снабдување.

Согласно со наведените потреби, во текот на 2008 година ГС1 Македонија ќе организира низа едукативни семинари, со учество на домашни и странски експерти, а посебен акцент ќе биде ставен на практичната апликација на ГС1-128 Bar Code Symbol i SSSC (Serial Shipping Container Code) баркодот.

Со континуирано ажурирање на банката на податоци за членките на ГС1 Македонија, директните контакти, давањето квалитетни услуги и едукација на членките, со промовирање на системот на акредитација, ќе се придонесе за зголемување на наплатата на членарината.

Од овој вид на услуги се планира зголемен финансиски ефект за 20%.

## ПОСТОЈАН ИЗБРАН СУД - АРБИТРАЖА

Постојаниот избран суд - Арбитража, кој функционира при Стопанската комора на Македонија како независен орган овластен да решава за деловни спорови кога странките ќе ја договорат неговата надлежност, ќе ги интензивира своите активности во насока на проширување на бројот на фирмите кои во своите договори вградиле клаузула за неговата надлежност.

Притоа ќе се укажува на фактот дека одлуките на Арбитражата се конечни и имаат сила на правосилна пресуда, а истите се донесуваат од страна на арбитри избрани со слободна волја на странките и во многу побрза постапка отколку што тоа е можно во постапка пред редовните (државните) судови.

Посебен акцент во активностите на Арбитражата ќе биде даден на посредувањето и на спогодбеното решавање на споровите што произлегле од деловните односи меѓу странките.

